Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-10026/2
06-11-2015 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

До: - Влада на Република Македонија
- Агенција за млади и спорт

Предмет: Мислење

Во однос на Информацијата за реализацијата на Проектот "Креирање на Национална стратегија за млади", Министерството за труд и социјална политика го дава следното мислење:

Во Информацијата наведени се девет приоритети кон кои ќе фокусира Националната стратегија за млади за периодот 2016-2025 година заради подобрување на состојбата на младите лица. Исто така во Информацијата наведени се активностите кои се преземени во изминатиот период како што се: дизајнирана платформа за интегрирање на сите податоци, интернет дискусија, избор на експерти- олеснувачи на работните групи, формирање на работни групи од државни институции, невладини младински организации и меѓународни институции, одржани работни средби за изработка на Националната стратегија за млади и организирање на јавни дебати. Во Информацијата наведени се и активностите кои ќе следат за периодот ноември-декември 2015 година.

Имајќи го во предвид наведеното во Информацијата, Министерството за труд и социјална политика нема забелешки по однос на содржината на Информацијата, но укажува на потребата во наредниот период да се предвиди анализа на спроведеното од предвидените активности на среден рок (после 3 години по усвојување од страна на Владата на Република Македонија) заради релативно големиот временски рок за кој се однесува Националната стратегија за млади и заради можноста за навремена реакција доколку некои од предвидените активности не се реализираат согласно очекувањата.

Со почит,

Министер
Диме Спасов

Република Македонија Министерство за труд и социјална политика Скопје

Изработил: М.Фрчковски
Контролирал: А.Личоска
Одобрил:В.Димитриева
Согласен: Л. Коцевска